ГЕВГЕЛИЈА

ЈУНИ 2020 - БРОЈ 90

ГЕВГЕЛИСКИ МАГАЗИН

ЖИВОТ ВО ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА

Содржина:

Тема

3 Живот во услови на пандемија

Актуелно

4 Општина Гевгелија добро се справува со Корона вирусот

5 Намалени комуналните такси за даночните обврзници

6 Приоритетни проекти за ИПА-ППС ГАСТРО-ТУРИЗАМ КАКО НОВ БРЕНД

7 Родителите ослободени од плаќање за престој на децата во градинките

Интервју

8 Помошта неминовна, но реална

9 Продолжуваат инфраструктурните проекти

Проекти

10 Конска брана готова до крајот на годината

11 Изработени три основни проекти за нови собраќајници во Гевгелија

Патна инфраструктура

12 Почна ревитализацијата на патот Богородица-Стојаково

12 Реконструкција и проширување на улица „Индустриска“

Анти Корона

14 Редовна дезинфекција на улици и јавни површини

14 Бесплатни заштитни маски

15 Медицинска опрема за гевгелиската општа болница

Хроника

16 Континуирана дезинсекција, дезинфекција и дератизација

17 Комплетен сервис на уличното осветлување

Култура

18 Тридневна културна програма по повод спасовден

19 Завршен онлајн-концерт на учениците од ООМУ „Васо Карајанов“ - Гевгелија

Млади

20 Честитка до матурантите

21 Со посветено учење и труд се постигнува се!

Со слика и збор

22 Ден на пожарникари

23 Одбележан Денот на полицајците

ЖИВОТ ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА

Пандемијата од COVID-19 го сврте светот наопаку. Здравствената катастрофа, со светски размери, не ја заобиколи и Република Северна Македонија. Се разбира, и Општина Гевгелија. Наспроти сите предизвици за пристигање на Корона вирусот преку отвореноста на овој граничен простор и се уште „живиот“ мигрантски бран, Општина Гевгелија успеа да стане една од поотпорните локални заедници на овој застрашувачки вирус. Пред се, како резултат на доследноста во примената на мерките што ги носеа Владата на РСМ во услови на пандемија и прогласената вонредна состојба, но и на мерките и заложбите за нивна примена на Општинскиот штаб за заштита и спасување.

Многу позначајна е улогата на граѓаните и сите чинители во општествениот живот на овие простори кои доследно ги применуваа државните и локалните мерки. Со исклучок на помали групи и поединци, како што беше „Првомајското оро“ на улицата „Јосиф Јосифовски“, кое доби невообичаена гласност и соодветни санкции во споредба со Струшката литија, Ифтарските молитви, секакви свадбарски, матурски и „мекици“ групни прослави. За среќа, гевгелиските исклучоци не предизвикаа поголемо ширење на Корона вирусот, а неколкуте позитивни случаеви, главно, беа „увезени“.

Затоа и со право, командантот на Општинскиот штаб и првиот човек на Општина Гевгелија, Сашо Поцков, на една од редовните штабски заседанија, изрази благодарност до граѓаните кои ги почитуваат и се придржуваат на мерките за заштита од внесување и ширење на Корона вирусот. Но уште поголема беше благодарноста што ја упати до здравствените работници кои преку своите најистурени делови - Центарот за јавно здравје- ПЕ Гевгелија и Општата болница во Гевгелија и нивните први луѓе успеаја да се справат со сите предизвици што ги наметна пандемијата на овие простори. Но, и да го заштитат најголемиот дел од населението.

Градоначалникот на Општина Гевгелија истовремено повика да продолжат активностите во општината, таму каде што на почетокот од март, поради застрашувачкиот поход на природниот непријател, беа прекинати. Тоа значеше деактивирање на сите проекти и активности кои согласно годишните програми на Општината треба да ги подобрат условите на живеење. Почнувајќи од изградбата на Прочистителната станица и Мостот во Моин, завршувањето на сообраќајниците во туристичкиот комплекс „Милци“, па се до бетонирањето и асфалтирањето на сите планирани улици и доуредувањето на детските игралишта. Покрај ваквиот инфраструктурен ремонт, Општинскиот совет донесе неколку економски мерки за намалување на комуналните такси на даночните обврзници, времено ослободување од плаќање на партиципација за децата во градинките и зголемување на субвенцијата за комунални услуги на ранливите категории на граѓани. И тоа, како дополнителен пакет на сите оние бројни економски мерки кои ги донесе Владата на Република Северна Македонија.

Ваквите активности недвосмислено потврдуваат дека сакале или не, мораме да се навикнеме и да живееме во услови на пандемија. Наспроти, оние кои од верски или политички побуди шират невистини дека Корона вирусот е измислена работа! Иако вистината е повеќе од болна и трагична - во светот и во нашата земја секојдневно умираат луѓе од COVID-19. Тоа е факт што никој не може да го побие. Имајќи го пак предвид тврдењето на експертите дека Корона вирусот и натаму ќе ни се заканува, поточно, се до пронаоѓањето на вакцина против оваа болест, тогаш едноставно мора да се привикнеме и да живееме во услови на пандемија. Продолжувајќи со секојдневните животни и работни активности, но и со дополнително придржување на трите заштитни правила од оваа опака болест: лична хигиена, заштитни маски и социјална дистанца.

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ДОБРО СЕ СПРАВУВА СО КОРОНА ВИРУСОТ

Општина Гевгелија добро се справуваше, а се справува и понатаму со пандемијата од Корона вирусот. Оваа оценка преовладуваше во Општинскиот штаб за заштита и спасување кој континуирано ги следеше состојбите и спроведуваше сопствените и мерките на Владата на РСМ за спречување на ширењето и внесувањето на Корона вирусот (COVID-19). Исто така, и Советот на Општина Гевгелија, кој на трипати се состана за време на вонредната состојба, редовно ја следеше примената на донесените мерки и ги насочуваше наредните активности. Така, на 44 седница градоначалникот на општина Гевгелија и командант на Општинскиот штаб за заштита и спасување, Сашо Поцков, го информираше Советот на Општината дека состојбата во општина Гевгелија е мирна и стабилна, а навреме преземените мерки придонесоа бројот на заразените од Корона вирусот да биде минимален. Пред се, како резултат на презе-мените превентивни дезинфекциони мерки на улиците, јавните површини, станбените влезови, кои во општината беа применети меѓу првите во земјата.

За тоа, секако, придонесоа и дисциплината и доследната примена на мерките на Владата на РСМ и Општинскиот штаб, од страна на граѓаните, рече д-р Сашо Олумчев, раководител на Центарот за јавно здравје - ПЕ Гевгелија изразувајќи јавна благодарност до граѓаните за соработката. Според директорот на Општата болница, Митко Крџев, во оваа Јавна здравствена установа, по пандемијата, е извршена целосна адаптација кон постојаните капацитети и ресурси, така што навремено е излезено во пресрет на наметнатите потреби. Значајно е што немаме ниту еден заболен здравствен работник, а инаку од самиот почеток бевме редовно и целосно обезбедени со потребните заштитни средства и опрема, како резултат на општоприфатениот повик за донации почнувајќи од Општината, ЈПКД „Комуналец“, па се до бројни општествено-одговорни фирми и поединци, рече Крџев изразувајќи благодарност за донацијата која и натаму продолжува.

Општинскиот штаб за заштита и спасување продолжува секојдневно да ја следи состојбата предизвикана од Корона вирусот, да ги операционализира и усогласува мерките на Владата на Република Северна Македонија и да остварува непосредна и постојана координација и соработка со сите надлежни државни и општински органи и јавни установи, рече градоначалникот Сашо Поцков.

НАМАЛЕНИ КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ ЗА ДАНОЧНИТЕ ОБРВЗНИЦИ

Советот на Општина Гевгелија на 45 седница донесе Одлука за намалување на комуналните такси за назив на фирмата, како дел од Општинскиот пакет мерки за ублажување на последиците од Корона вирусот. Според донесената Одлука за утврдување на висината на комуналните такси во општина Гевгелија, комуналната такса за назив на фирма на деловни простории за физички лица кои вршат дејност е намалена од 2.000 денари на 1.300 денари, комуналната такса за назив на фирма на деловни простории на физичките лица кои вршат дејност, а данокот го плаќаат во паушален износ, е намалена од 500 на 350 денари, комунална такса за назив на фирма на деловните простории на трговските друштва и други правни лица од областа на производството, прометот и услугите, од досегашните 6.000 денари е намалена на 4.000 денари.

Исто така, Советот на Општина Гевгелија одлучи таксата за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност да се намали од 7 на 5 денари од метар квадратен на ден. Намалените комунални такси ќе важат до крајот на годината бидејќи станува за еднократна даночна обврска.

Одлуката беше донесена по иницијатива на градоначалникот на општина Гевгелија, Сашо Поцков, кој информираше дека мерките произлегле по целосната анализа на состојбата и можностите за ублажување на последиците од Корона вирусот. Притоа, тој нагласи дека значаен дел од гевгелиските стопански субјекти аплицираа за економските мерки што ги донесе Владата на Република Северна Македонија. Најголемиот број од апликациите се одобрени, така што дел од мерките се реализирани или допрва ќе се реализираат. Притоа, Општина Гевгелија се стави на располагање на сите апликанти за да им помогне во реализацијата на аплицираните мерки.

- Покрај ова, како што веќе најавив на претходната седница, како Општина, преку намалување на Општинските комунални давачки кон даночните обврзници, се разбира согласно можностите на Општинскиот буџет, но имајќи ги предвид и законските одредби, односно коригираниот тарифник на комунални такси, беше усогласен со Законот за комунални дејности. И понатаму ќе ја следиме состојбата и на сите можни начини ќе настојуваме да им излеземе во пресрет на гевгелиските стопанственици, рече Поцков, информирајќи дека поради зависноста на гевгелиското стопанство од прекуграничната соработка и промет, веќе покренал иницијатива пред надлежните државни органи, при најавеното олеснување на рестриктивните мерки воведени за време на вонредната состојба за да се води сметка за специфичноста на овој регион.

КВАРТАЛНИТЕ ОСТВАРУВАЊА НА ПРИХОДИТЕ ВО ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ ЗАДОВОЛИТЕЛНИ

Советот на Општина Гевгелија на 45 седница го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Гевгелија во периодот јануари-март, 2020 година. Притоа, беше констатирано дека остварените приходи како во вкупниот, така и во Основниот буџет се задоволителни. Имено, од планираните 546.886.213 денари вкупни буџетски средства во првото тримесечје се реализирани 120.072.772 денари или 21,96%, додека од планираните 233.557.581 денар средства во Основниот буџет за 2020 година, во првото тримесечје биле реализирани 54.636.051 денари или 23,40%. Од вкупно реализираните 113.790.713 денари расходи во ова тримесечје, 30.227.797 денари или 26,56% се капитални расходи.

- Остварените приходи на Општинскиот буџет во првото тримесечје очигледно зборуваат дека буџетските приходи биле добро планирани. Имајќи ги предвид пред се Законските ограничувања при креирањето на буџетската политика во Општината. Остварувањата на приходите во првото тримесечје од годината се подобри и споредбено со резултатите во истиот период во минатата година. Посебно значајно е што имаме висока стапка на капитални расходи што несомнено зборува за развојната компонента на Буџетот која се остварува, истакна градоначалникот на општина Гевгелија, Сашо Поцков, зборувајќи за кварталните остварувања на Општинскиот буџет. Притоа, дека ваквите остварувања продолжиле, иако во помал обем, и во периодот април-мај, така што до 26 мај годинава остварените буџетски приходи изнесуваат 67.725.033 денари. Истовремено, Поцков нагласи дека очекувано е поради новонастанатата состојба во вториот квартал резултатите да бидат полоши, но изрази очекување дека во третиот квартал резултатите во Општинскиот буџет повторно ќе дојдат во нормала.

Приоритетни проекти за ИПА-ППС ГАСТРО-ТУРИЗАМ КАКО НОВ БРЕНД

Општина Гевгелија, на последниот јавен повик на ИНТЕРЕГ-ИПА Програма за прекугранична соработка „Република Грција-Република Северна Македонија 2014-2020“, ќе аплицира со проектот „Воведување гастро-туризам како нов бренд на дестинации во прекуграничниот регион (Gastro-tour)“. Според одлуката што ја донесе Советот на Општина Гевгелија, Општина Гевгелија на овој повик учествува како партнер во проектот, заедно со општина Пеонија, Претпријатието на заедниците на општина Солун (КЕДИТ) и Фондација за локален развој и развој на ИТ-Гевгелија (ФЛОРИТ).

Инаку, Општина Гевгелија на овој јавен повик ќе учествува со уште еден проект „Деловен еко-систем како интегриран систем“ (Акроним „Be In“), преку Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, во чии рамки е планирана набавка на едно противпожарно возило.



РОДИТЕЛИТЕ ОСЛОБОДЕНИ ОД ПЛАЌАЊЕ ЗА ПРЕСТОЈ НА ДЕЦАТА ВО ГРАДИНКИТЕ

Советот на Општина Гевгелија на својата 45 седница ја усвои Предлог-одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Детска радост“- Гевгелија за родителите, чии деца престојуваат во градинките, да бидат ослободени од плаќање на партиципација за престој на децата во градинките за месеците април и мај, за време на вонредната состојба. При донесувањето на ваквата Предлог-Одлука, раководството на оваа Јавна детска установа во Гевгелија, го имаше предвид и мислењето и препораката на Градоначалникот на општина Гевгелија, велат во ЈОУДГ „Детска радост“.

Од плаќање на месечна партиципација за престој на децата во градинките, во износ од 1.490 денари месечно, се ослободени 800 родители, чии деца беа запишани и беа згрижени во градинката за месец март. Тоа значи дека за април и мај нема да плаќаат никаква партиципација. За месец март кога децата во градинките престојуваа само до 10 март, нивните родители платија само 521 денар, колку што изнесуваа материјалните трошоци.

ВО АПРИЛ ИЗДАДЕНИ 8 ОДОБРЕНИЈА ЗА ГРАДБА

Во текот на месец април, во Општина Гевгелија се издадени вкупно 8 одобренија за градба што е двојно повеќе од сите одобренија за градба кои се издадени во другите девет општини во Југоисточниот плански регион. Според официјалните податоци на Државниот завод за статистика, за месец април во Југоисточниот регион се издадени 18 дозволи за градење.

Од 8-те издадени одобренија за градба во општина Гевгелија, 4 дозволи се издадени на физички лица и 4 на правни лица, главно, за изградба на станбени објекти. Според издадените одобренија за градење, предвидената вредност на објектите изнесува 124.222 илјади денари. Бројката несомнено зборува дека и покрај замрената инвестициона активност, како резултат на пандемијата од Корона вирусот, во Гевгелија продолжува да се гради.

На територија на Република Северна Македонија, во текот на месец април 2020 година се издадени вкупно 173 одобренија за градење. Според издадените одобренија за градење, предвидената вредност на објектите изнесува 3.657.228 илјади денари. Од вкупниот број издадени одобренија за градење, 92 се наменети за објекти од високоградба, 18 за објекти од нискоградба и 63 за објекти за реконструкција. Од вкупно 173 објекта, на 93 како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 80 објекта инвеститори се деловни субјекти.

Градоначалникот на Општина Гевгелија- Сашо Поцков за економските мерки за ублажување на последиците од Корона вирусот

ПОМОШТА НЕМИНОВНА, НО РЕАЛНА

По донесените мерки на Советот на Општина Гевгелија за ублажување на економските последици предизвикани од Корона вирусот и новите мерки на Владата на РСМ, градоначалникот на општина Гевгелија, Сашо Поцков, во интервјуто за локалната телевизија „НОВА ТВ 12“ се произнесе и за актуелните состојби во општината:

- Општината, како што веќе порано нагласив, треба да им помогне на стопанствениците и на сите други, кои претрпеа штети од пандемијата со Корона вирусот, но да не биде нереално. Пред донесувањето на Одлуката за намалувањето на комуналните такси, иако на мој предлог, беа консултирани сите претставници на политичките партии како активни чинители во општина Гевгелија. Има еден, единствен момент каде што како Општина можевме да помогнеме во финансиските импликации во однос на решенијата кои ги добиваат фирмите. Пред се, намалување на комуналната такса за назив на фирма на деловни простории за физички лица, на деловни простории на физичките лица кои вршат дејност, а данокот го плаќаат во паушален износ, како и за намалување на таксата за назив на фирма на деловните простории на трговските друштва и други правни лица од областа на производството, прометот и услугите. Таксата за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност се намали од 7 на 5 денари од метар квадратен на ден. Намалените комунални такси ќе важат до крајот на годината бидејќи станува збор за еднократна даночна обврска. Исто така, важно е да се истакне дека на последната седница на Советот беа донесени и двете Одлуки, родителите на децата, пријавени во детските градинки, да бидат ослободени од плаќање партиципација за месеците април и мај, односно за време на вонредната состојба. Со дадената согласност верифицирана е Одлуката на Управниот одбор, 800 родители на децата, запишани во детските градинки, да не плаќаат по 1.490 денари за месеците април и мај, колку што чини месечната партиципација. За месец март, родителите платија само по 521 денар за материјални трошоци, за десеттината дена, колку што децата престојуваа во градинките до прогласувањето на вонредната состојба.

Во врска со изготвените протоколи за работа на угостителските објекти, Градоначалникот истакна дека од страна на Општината ќе им биде овозможено на сопствениците на угостителските објекти кои веќе користат јавна површина, да можат да користат бесплатно дополнителна јавна површина, на која ќе можат да постават одреден број на маси и столови за гостите. Ова го правиме се со цел, колку-толку, да им помогнеме на угостителите да ја надокнадат финансиската штета што ја претрпеа поради тоа што не работеа повеќе од два месеци, поради Корона вирусот. Сите оние угостителски објекти кои нема доследно да ги почитуваат пропишаните мерки за работа, ќе бидат соодветно санкционирани од трудовата, пазарната и инспекцијата од страна на УЈП.

ПРОДОЛЖУВААТ ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ПРОЕКТИ

Градоначалникот на Општина Гевгелија, Сашо Поцков, на средба со новинарите во Гевгелија информираше дека продолжуваат изведбените работи на веќе започнатите инфраструктурни проекти, чија реализација беше запрена поради пандемијата од Корона вирусот. Во обновата на локалната патна мрежа ќе продолжиме таму каде што застанавме пред скоро три месеци, покрај бетонирањето продолжува и асфалтирањето на улицата „Индустриска“, потоа заобиколната улица крај поранешната фабрика „Зора“, улиците во туристичкиот комплекс „Милци“, како и реконструкција на улиците во населените места.

- Од проектите кои беа ставени во мирување, а чија реализација продолжува, би ги издвоил изградбата на прочистителна станица во Моин, санацијата на Мостот на влезот во Моин, како и изградбата на канализацијата во станбената населба „Караорман“. Веднаш по изградбата на канализационата линија, во оваа населба ќе биде тампонирана и улицата во „Караорман“. Кога се во прашање донациите, сакам да информирам дека од Техничкиот секретаријат на ИПА-Програмата за прекугранична соработка во Солун се одобрени дополнителни 62.000 евра за изградба на влезниот дел од регулацијата на Сува Река рече Поцков.

НОРМАЛИЗИРАЊЕТО НА ГРАНИЧНИОТ ПРОМЕТ ЗНАЧАЈНО ЗА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

- Здравствената состојба во Гевгелија е стабилна и мирна, а што се однесува до здравствениот билтен на граничната полиција и сите други гранични служби кои ја опслужуваат границата, двајцата регистрирани случаеви, жители на општина Гевгелија, се под контрола. Останатите тестирани на Корона вирусот од нашата гранична полиција беа негативни, истакна градоначалникот на Општина Гевгелија, Сашо Поцков во денешното гостување во „Утрински брифинг“ на Слободен печат, заедно со градоначалниците на Гостивар- Арбен Таравари и на Велес- Аце Коцевски. Во онлајн- разговорот со водителот Александар Чомовски, градоначалникот Поцков нагласи дека Гевгелија со нетрпение го очекува нормализирањето на граничниот промет преку македонско-грчката граница и воопшто на прекуграничната соработка.

- Повторното отворање на границата подеднакво е важно за локалниот економски развој, но и воопшто за животот во општината. И тоа, не само кога се во прашање казината во кои патем речено имаме над 1500 вработени и три месеци седат дома и чекаат на протоколите за повторно отворање, туку и бројните стоматолошки ординации, супермаркети, дуќани и други услужни дејности кои зависат од граничниот промет и значајно придонесуваат во локалниот економски развој. Повторното отворање на границата и нормализирањето на граничниот промет, се разбира, почитувајќи ги протоколите, значително ќе придонесе за ублажување на последиците од Корона вирусот.

Одговарајќи пак на прашањето дали и колку пандемијата од Ковид-19 ќе се одрази на финансиското работење на Општина Гевгелија, градоначалникот Сашо Поцков одговори:

- Не очекувам драматични падови бидејќи Шестмесечниот извештај за буџетското работење покажа дека 45% од буџетските приходи се остварени. Вакви остварувања имавме и при нормално работење. Засега, изворните приходи на општината не се загрозени бидејќи наспроти падот на ДДВ во државната каса, во Општинскиот буџет се слеваат истите средства согласно важечката распределба. Од друга страна, во изминатите шест месеци имаме зголемена продажба на градежно неизградено земјиште и зголемени приходи од комунални надоместоци, рече градоначалникот Сашо Поцков, во разговорот за „Утрински брифинг“.

КОНСКА БРАНА ГОТОВА ДО КРАЈОТ НА ГОДИНАТА

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Трајан Димковски заедно со градоначалникот на Општина Гевгелија, Сашо Поцков, ја посетија локацијата каде што во моментов интензивно се гради Браната Конско. Изградбата на браната започна пред две години и досега согласно договорот со изведувачот, околу 60 отсто од изградбата е завршена. Се очекува до крајот на оваа година да заврши целосната изграбата на браната. Овој капитален проект е финансиран од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство од Програмата за рурален развој и од буџетот за таа намена се издвоени 40 милиони евра.

Браната Конско е од исклучително значење за наводнувањето на земјоделките површини од овој регион, но оваа брана истовремено има мултифункционална намена.

„Со изградбата на браната ќе се обезбеди редовно снабдување со квалитетна вода за пиење, за наводнување на земјоделските површини, за производство на електрична енергија, но ќе значи и обезбедена вода за дотур за спас на дојранското езеро. Браната Конско ќе обезбеди вода за наводнување на нови 8.000 хектари земјоделски површини, со што наводнуваните земјоделски површини ги зголемуваме за петпати. Изминатите години ова беше голем проблем за земјоделците и ја зголемуваше цената на земјоделските производи. Со оваа брана ќе се создадат неопходните услови за дополнителен развој на земјоделството, зголемување на производството на храна со намалени и конкурентни цени “, изјави министерот Димковски.

Дополнително, вештачкото езеро на Браната Конско која се наоѓа веднаш под излетничко-рекреативниот локалитет Смрдлива Вода на Кожув, на само 20-тина километри оддалеченост од градот, претставува нова содржина во локалната туристичка понуда на Гевгелија. Глобално, ова ќе значи зголемување на економскиот раст, животниот стандард на населението, унапредување на здравјето и квалитетот на живот на граѓаните од целиот овој крај и развој на општина Гевгелија на повеќе нивоа.

„За општина Гевгелија, Конска брана има исклучително значење. Но, во оваа прилика ќе потенцирам само два аспекта. Повозрасните гевгеличани добро знаат дека во далечната 1978 година, во Општина Гевгелија врз база на само-придонес се направија првите сериозни напори да се отпочне реализацијата на овој проект. Меѓутоа, со одлука на тогашната Влада, средствата беа пренаменети за Браната Стрежево. Од тие причини денес може да констатираме дека со реализацијата на овој проект се исправа и една историска неправда кон гевгеличани“, изјави градоначалникот на општина Гевгелија, нагласувајќи дека општината располага со над 12.000 ха земјоделско земиште од кои токму заради недостигот на вода за наводнување досега се обработуваат само 1.500 ха.

Хидросистемот Конска брана ќе обезбеди дополнителни количини на квалитетна вода за пиење на регионот, како и дополнителни количини на вода кои надвор од сезоната на наводнување би се пренасочиле кон Дојранското Езеро. Изградбата на Конска брана, исто така, позитивното влијание на локалниот економски развој и унапредувањето на туризмот имајќи ги предвид можностите на локалитетот Смрдлива вода, Ски-центарот Кожув, населбите Серменин и Хума и воопшто промоцијата и унапредувањето на руралниот туризам. Ова е најголема инвестиција во последните 50 години во општина Гевгелија“, изјави градоначалникот Поцков.

Водостопанството како стопанска гранка е една од клучните области низ чиј развој се реализираат сите стратешки планови за напредок. Браните со акумулации обезбедуваат повеќенаменско искористување на водите, придонесуваат за енергетска стабилност и безбедност на храната на национално и регионално ниво и токму затоа претставуваат едни од најзначајни приоритетни инвестиции на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство наменети за развој на земјоделството.

ДО КРАЈОТ НА ЈУЛИ ГОТОВА ТЕНДЕРСКАТА ПОСТАПКА ЗА РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА СТАРАТА ДЕПОНИЈА

Дислоцирањето на Старата депонија и профункционирањето на Времената депонија кај Ново Конско, поради пандемијата од Корона вирусот и забавениот мониторинг, привремено се одлага. Имено, по изградбата на патот до Времената депонија на почетокот од годината беа интензивирани активностите околу профункционирањето на Новата и ревитализацијата на Старата депонија. По извршениот технички прием на Времената депонија, на состанокот на крајот од февруари на Градоначалникот на општина Гевгелија со претставниците на УНДП, на ИОМ и на консултантската фирма „Холингер“ беше договорено Новата депонија да профункционира до крајот до јуни. Меѓутоа, пандемијата го одложи текот на предвидените активности, поточно, на финалните работи околу ревитализацијата на Старата депонија.

Имено, доделените 400.000 евра од Владата на Република Грција за затворање на Старата депонија се веќе обезбедени и тендерската документација за избор на изведувач е подготвена. Времената депонија веќе му е предадена на ЈПКД „Комуналец“ на стопанисување, кое Претпријатие треба да обезбеди техничка вода, а по завршената тендерска постапка, Општина Гевгелија треба да го потпише договорот со фирмата „Елмотерм“ за набавка на фотоволтаични панели. Со тоа се обезбедени и последните предуслови за профункционирање на Времената депонија.

Но планираните обуки на вработените во Депонијата, како и некои други предуслови за добивање на дозвола за операторот и елаборат за интегрирана дозвола од страна на Министерството за животна средина засега се одложени. На крајот од јули, по завршената тендерска попстапка околу ревитализација на Старата депонија, се очекува работите за изградба на дополнителен заштитен ѕид на Сува Река, покривање на постојниот отпад на Старата депонија и уредување на целиот простор повторно да бидат интензивирани. Но, најверојатно е дека профункционирањето на Времената депонија кое паралелно ќе се одвива со ревитализацијата на Старата депонија, ќе биде одложено за наесен.

ИЗРАБОТЕНИ ТРИ ОСНОВНИ ПРОЕКТИ ЗА НОВИ СООБРАЌАЈНИЦИ ВО ГЕВГЕЛИЈА

Градоначалникот на општина Гевгелија, Сашо Поцков, во Министерството за финансии на Република Северна Македонија потпиша Договор за преземање на комплетната техничката документација за изградба на три значајни нови сообраќајници во Гевгелија. Станува збор за улицата паралелно со коритото на Сува Река, од поранешната Касарна, па се до Мостот на Сува Река. Потоа, улицата во УБ 4 кај Детската градинка „Сончогледи“ и улицата во индустрискиот дел крај „Моински пат“ која води паралелно крај стопанските капацитети во појасот на Ракита.

Техничката документација на трите улици е изработена преку МСИП Проектна единица за подготовка на техничка документација за локални патишта и улици. Имено, во мај минатата година, Општина Гевгелија аплицираше на Јавниот повик за изработка на основни проекти за локални патишта и улици со три апликации и сите три беа прифатени. Врз основа на апликациите, изработена е комплетна документација за реализација на овие проекти која му беше предадена на Градоначалникот на општина Гевгелија.

- Со изработка на комплетната техничка документација создадени се основните предуслови за реализација на овие проекти, односно за аплицирање на средства од домашни и странски програми и фондови, како и од сопствени средства. Во Програмата за локални патишта и улици, во општина Гевгелија, во 2020 година сите три улици предвидени се во две фази, изработка на техничка документација која веќе е завршена и реализација. При изработката и донесувањето на оваа, како и на другите програми, наша приоритетна задача беше да изработиме што повеќе техничка документација бидејќи на тој начин сме подготвени да аплицираме за различни програми. Затоа сакам да изразам благодарност до Министерството за финансии, посебно до МСИП Проектната единица која ја прифати нашата апликација и ни изработи целосна документација за реализација на три улици во Гевгелија кои поодделно имаат посебно значење. Имено, стопанствениците кои поседуваат објекти во стопанската зона јужно од „Моински пат“ подолго време бараат изградба на главната сообраќајница. Исто така, од посебна важност за Гевгелија и нејзиното сообраќајно поврзување е изградбата на улицата паралелно со коритото на Сува Река која ќе ги поврзува делот од поранешна Касарна, па се до станбениот блок и мостот на Сува Река. Додека, пак, пробивањето на улицата кај Детската градинка „Сончогледи“ ќе придонесе за растоварување на сообраќајот на улицата „Петар Мусев“, изјави градоначалникот на општина Гевгелија, Сашо Поцков, при преземањето на техничката документација.

ПОЧНА РЕВИТАЛИЗАЦИЈАТА НА ПАТОТ БОГОРОДИЦА-СТОЈАКОВО

Започнаа изведбените работи за ревитализација на патот Богородица-Стојаково- крстосница со регионалниот пат Гевгелија-Богданци. Со втората фаза ќе биде извршена целосна обнова на овој регионален патен правец кој ги поврзува општините Гевгелија и Богданци. И тоа, почнувајќи од крстосницата на патот Гевгелија-Богданци, каде што води стариот и дотраен пат за Богородица, а минува крај бензинската пумпа „Лукоил“ и хотелите „Скај“ и „Принцес“ и продолжува од Богородица кон Стојаково.

И првата и втората фаза од проектот се имплементира преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2019 година од Бирото за регионален развој, а во рамките на приоритетните проекти на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион. По завршувањето на тендерската постапка и електронската аукција, најниска цена имаше понудувачот Друштво за градежништво и трговија „ЖИКОЛ ДООЕЛ експорт импорт Струмица“, со кој беше склучен договор за извршување во износ од 4.968.475 денари без ДДВ. Додека, надзорот ќе го врши проектантската фирма „Гоја“ од Гевгелија. Во наредниот период паралелно ќе се одвива ревитализацијата на целиот пат и тоа во првата и во втората фаза од регионалниот пат, која се наоѓа на територијата на општина Гевгелија.

Ширина на коловозот на делницата за реконструкција на постојниот пат изнесува 5м., ширина на банкини минимално 0.50м. Според техничкото решение се предвидува гребење на стариот асфалт на локалниот пат – „Регионален пат R1109 - Стојаково“ и проширување на делови до ширина од 5м. и целосно асфалтирање со нов слој асфалт од 5 см. Со ревитализацијата на целиот пат ќе се обезбедат услови за поквалитетно сообраќајно движење на овој сообраќајно фреквентен патен правец.

– САНАЦИЈА НА ПОЛСКИ ПАТИШТА ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА

Со тампонирањето заврши комплетната санација на полските патишта во атарите на населеното место Богородица. Општина Гевгелија во соработка со ЈПКД „Комуналец“, организираше акција за тековно одржување и санација на полските патишта во Богородица и Прдејци каде вработените од Јавното претпријатие со помош на механизација ги расчистија и прошири полските патишта во овие две населени места. Акцијата има цел за олеснување на пристапот до обработливите земјоделски површини во подрачја во кои има интензивна земјоделска дејност. Санирањето на полските патишта ќе продолжи и во останатите населени места.

РЕКОНСТРУКЦИЈА И ПРОШИРУВАЊЕ НА УЛИЦА „ИНДУСТРИСКА“

Улицата „Индустриска“, крај која се наоѓаат повеќе стопански капацитети, е реконструирана и проширена. Градежните активности на оваа најфреквентна стопанска сообраќајница започнаа кон крајот на минатиот месец со поставувањето на атмосферска канализација за прибирање на атмосферските води. По изградбата на канализацијата, следеше проширување на улицата од 5 на 7 метра и уредување на тротоарот од јужната страна со широчина од 2 метра.

- Завршени се изведбените работи на улицата „Индустриска“. Со градежните активности за поставување нова атмосферска канализација, ќе се намали количината на дождовна вода која при обилните врнежи се слеваше на истоименатa улица. Со проширувањето на улицата и изградбата на тротоарот ќе се овозможи растеретување на сообраќајот и поголема безбедност при неговото одвивање, истакна градоначалникот на општина Гевгелија, Сашо Поцков.

Бетонирани повеќе улици и краци

Заврши бетонирањето на крак од улицата **„Ванчо Баламов“** во населеното место Прдејци. За подобрувањето на локалната патна инфраструктура во Гевгелија и во населените места е задолжена градежната фирма „Мансард“ која го врши бетонирањето според Оперативниот план на Општина Гевгелија за бетонирање на помали улици и краци.

Бетонирани се два крака од улицата **„Деко Ковачев“** и еден крак од улицата **„Серменинска“**. Овие три крака беа на листата од Оперативниот план на Општина Гевгелија за бетонирање помали улици и краци, со цел да се подобри патната инфраструктура. Со бетонирањето на овие краци, жителите на **„Деко Ковачев“** и **„Серменискa“** добија уредена и соодветна патна инфраструктура.

Заврши бетонирањето на улицата **„Ѓорѓи Сугаре“**, во Гевгелија, во должина од 130 м. Во изминатиот период беше избетонирана улица во Петрово, која води од центарот на селото до црквата во селото, крак од улицата во Гевгелија која се протега долж одводниот канал **„Рауљ“** од Мостот на патот за Негорци кон новиот хотел **„Paint it black”**, а се бетонираа и улиците **„Гоце Делчев“** и **„Бошко Бозаџиев“** во Мрзенци.

Заврши уредувањето и целосната реконструкција на тротоарите на улицата **„Миле Пецанов“** во Гевгелија, значајната сообраќајница која води до Градскиот пазар. Изведбените работи започнаа со инсталирање на систем „капка по капка“, беа засадени дрвореди и се поставија бекатон-плочки од двете страни на истоимената улица. Станува збор за околу 1000 метри квадратни поплочени со бекатон, со што оваа улица доби уредени и широки тротоари.

Со уредувањето на оваа улица се создадоа услови за непречено движење на минувачите и безбедно одвивање на сообраќајот бидејќи е една од најпрометните улици, особено во пазарните денови. Од друга страна, Гевгелија доби уште една урбано-уредена улица со тротоари и дрвореди што е посебно значајно имајќи ги предвид тропските горештини што го зафаќаат гевгелиското поднебје.

ТЕМЕЛНА САНАЦИЈА НА ПОТПОРНИОТ ЅИД ВО МИРАВЦИ

Во Миравци, во тек е темелна санација на потпорниот ѕид на плоштадот во центарот на населеното место. Со тек на времето, овој дотраен ѕид беше оштетен на забот од временските услови и подземните води поради што постоеше опасност која беше закана за безбедноста во одвивањето на сообраќајот и можното оштетување на патната инфраструктура, бидејќи самиот ѕид се наоѓа покрај фреквентната улица „Маршал Тито“. Со изведувањето на потпори, ќе се загарантира неговата стабилност. Изведбените работи на овој ѕид ги извршува градежната фирма „Мансард“.

РЕДОВНА ДЕЗИНФЕКЦИЈА НА УЛИЦИ И ЈАВНИ ПОВРШИНИ

Уште на самиот почеток со појавата на Корона вирусот во нашата земја, Општина Гевгелија, во соработка со Центарот за здравје - ПЕ Гевгелија и ЈПКД „Комуналец“ почнаа со акцијата за дезинфекција на улиците и јавните површини во Гевгелија. Исто така, неколкупати се дезинфицираа и станбените влезови. Дезинфицирањето ги опфаќа прометните улици, паркинзи и други јавни површини во Гевгелија каде што минуваат повеќе возила и луѓе. Според налагањата на Општинскиот штаб за заштита и спасување, акцијата за дезинфекција на улиците и јавните површини во Гевгелија и населените места се спроведува во континуитет според Оперативниот план на секои 5 дена, а за реализацијата е задолжено ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија.

Општина Гевгелија, на почетокот од пандемијата, во соработка со ЈПКД „Комуналец“- Гевгелија и ОВР- Гевгелија постави две дезинфекциони бариери. Едната на влезот во Гевгелија, кај надвозникот, а другата на влезот од патниот правец Негорци-Гевгелија. Ваквата мерка беше спроведена по заклучок на Општинскиот штаб за заштита и спасување.

БЕСПЛАТНИ ЗАШТИТНИ МАСКИ

Поради недостатокот од заштитна опрема во аптеките кој настана уште на почетокот со појавувањето на Корона вирусот во нашата земја, Општина Гевгелија обезбеди 9000 маски, донација од „Дока текстил“ - Валандово и конфекцијата „Сибо текстил“- Миравци за жителите на Гевгелија и населените места.

Акцијата за делење бесплатни заштитни маски траеше неколку дена, а распределбата ја вршеа Здружението на граѓани „Чејнџмејкерс“ во соработка со Општина Гевгелија, на пунктот пред супермаркетот „Кит го“ на градското шеталиште. Волонтерите на ЗГ „Чејнџмејкерс“ делеа маски и на жителите во населените места, а исто така и на вработените кои се изложени на најголем ризик.

АКЦИИ ЗА ДЕЛЕЊЕ ПАКЕТИ ЗА СОЦИЈАЛНО-РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ

Општина Гевгелија, во текот на пандемијата од Корона вирус, повеќепати организираше хуманитарни акции за делење пакети со прехранбени продукти за социјално-ранливите категории и пакети со дезинфекциони и средства за лична хигиена. Станува збор за околу стотина корисници на гарантирана минимална помош, корисници на Народна кујна и корисници кои го искористиле правото на еднократна парична помош, согласно евиденцијата на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи.

Пакетите беа обезбедени како резултат на соработката помеѓу Општина Гевгелија и гевгелиските фирми кои покажаа општествена одговорност и ја помогнаа оваа акција на Општина Гевгелија со донација на прехранбени продукти како: „Жито Пром“ и „SYNOTtipMacedonia“. Исто така, следеше акција за делење 200 пакета со прехранбени производи, донација од Здружението за хуманитарни цели „СИТЕ ЗАЕДНО МОЖЕМЕ“ од Струмица на Општинскиот кризен штаб.



Распределбата на пакетите ја вршеа Општинските мобилни екипи. Имено, Општина Гевгелија од почетокот со појавата на Корона вирусот во нашата земја, формираше Општински мобилни екипи кои помагаа на старите и изнемоштени лица, како и на ранливите категории, заради превентивна заштита од КОВИД-19 (Корона вирус), при набавка на прехранбени артикли, средства за лична дезинфекција, лекови и наплата на месечни сметки.

МЕДИЦИНСКА ОПРЕМА ЗА ГЕВГЕЛИСКАТА ОПШТА БОЛНИЦА

Општина Гевгелија дониpаше медицинска опрема за гевгелиското здравство. Од страна на Општината, набавени се 2 комплета медицинска опрема и за Општата болница и Центарот за здравје - ПЕ Гевгелија. Станува збор за медицински паравани, медицински кревети, витрини и масички за лекови.
Овие комплети беа посочени од страна на првите луѓе во Општата болница и Центарот како најпотребни поради зголемениот бројна интервенции кои се обавуваат според новите епидемиолошки услови.

СОВРЕМЕНА ДИГИТАЛНА АПАРАТУРА ЗА ФИЗИКАЛНА ТЕРАПИЈА

Во Центарот за физикална терапија при ЈЗУ Општа болница со проширена дејност- Гевгелија пристигна комплетно, нова, современа, дигитална апаратура за рехабилитација на пациенти во вредност од 20.000 евра. Опремата е набавена преку проектот „Заеднички активности за заштита и унапредување на јавното здравје во преку-граничниот регион (IpA SHIELD II), финансиран во рамки на Интеррег ИПА Програмата за прекугранична соработка, во која учествува ЈЗУ Општа болница Гевгелија.

Преку истиот проект, во претходните месеци беше извршено комплетно реновирање и преадаптација на постоечките простории. За потребите на Дијабет-центарот, се набави нов доплер-апарат за преглед на крвни садови во вредност од над 20.000 евра кој ќе помогне во дијагностицирањето на последиците од шеќерната болест. Биохемиската лабораторија е опремена со комплетно нов инвентар и дополнителна апаратура за анализа, амбулантите за неврологија, со нова опрема и нова болничка аптека со комплетен современ ентериер. Во тек е и реконструкцијата на хируршката сала која во завршната фаза ќе биде комплетно опремена со современа апаратура.

Општа болница со проширена дејност- Гевгелија полека станува современа здравствена институција која нуди квалитетни услуги за пациентите и е опремена со соодветна опрема која ја олеснува работата на нашите вработени, а помага во дијагностицирањето на болестите. Изразувам голема благодарност до ИПА-ППС и нашите соседи во Грција, за заедничките проектни активности, до Општина Гевгелија и компанијата „Новоматик“ кои донираа медицински инвентар за време на пандемијата од Корона вирусот. Исто така, и до сите правни или физички лица кои ја помогнаа Болницата на каков било начин, истакна директорот на ЈЗУ Општа болница со проширена дејност- Гевгелија, д-р Митко Крџев.

СИТЕ 110 ВРАБОТЕНИ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ НЕГАТИВНИ

Сите 110 вработени во детските градинки на ЈОУДГ„Детска радост“ во Гевгелија беа негативни на Корона вирусот. Тоа го потврдија резултатите од тестирањето на сите вработени што го изврши Центарот за јавно здравје- ПЕ Гевгелија, а кое беше извршено во рамките на скринингот што ги опфати вработените во детските градинки во земјата.

ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОРИ НУДЕА УСЛУГИ ВО ТЕКОТ НА ЗАБРАНАТА ЗА ДВИЖЕЊЕ

Во текот на повеќето забрани за движење, донесени на седниците на Владата на РСМ, повеќе економски оператори го прифатија повикот на Општинскиот кризен штаб - Гевгелија да го организираат снабдувањето и доставата на најнеопходни прехранбени артикли.

Овие супермаркети примаа и испорачуваа по телефон нарачки од граѓаните за прехранбени артикли, а со достава од страна на своите вработени ги испорачуваа на доставената адреса. Организирано снабдување и достава на прехранбени артикли за време на забраната за движење имаше и во населените места.

КОНТИНУИРАНА ДЕЗИНСЕКЦИЈА, ДЕЗИНФЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА

Советот на Општина Гевгелија на 45 седница ја донесе Програмата за спроведување на општите мерки за заштита и спасување на населението од заразни болести за 2020 година, изработена врз основа на Елаборат изготвен од Центарот за јавно здравје-ПЕ во Гевгелија. Дел од активностите предвидени со Програмата, односно дезинфекцијата на улиците и јавните површини поради пандемијата на Корона вирусот, веќе се спроведуваат од страна на надлежните служби одредени од Општинскиот кризен штаб, рече пред сопствениците градоначалникот на Општина Гевгелија, Сашо Поцков.

Што се однесува до дезинсекцијата во општина Гевгелија, информираше Поцков, ќе се спроведува во рамките на Југоисточниот плански регион и тоа со ларвицидно и теренско прскање против комарци, согласно нашите искуства кои беа применети лани. Имено, градоначалниците на десетте општини од ЈИПР ги прифатија предлозите од нашата и општина Радовиш, наместо авионско, годинава на територијата на целиот регион прскањето против комарци да биде теренско.

По двете ларвицидни прскања, во јуни е планирано првото теренско третирање против возрасни комарци, велат во Центарот за разбој на ЈИПР во Струмица.

Во врска пак со дератизацијата, во општина Гевгелија извршена е првата пролетна акција за дератизација. Акцијата против глувците е спроведена на 1400 шахти на територијата на Гевгелија и другите населени места. За наесен е предвидена уште една акција за дератизација.

ОРГАНИЗИРАНИОТ ДОТУР НА СТОКА ПО ШЕСТ МЕСЕЦИ

Советот на Општина Гевгелија поради пандемијата од Корона вирусот и вонредната состојба ја одложи примената на Одлуката за организирање и дефинирање на условите за доставување на стока на подрачјето на општина Гевгелија, која требаше да стапи во сила на 1 мај, за шест месеци. Оваа одлука беше донесена со цел да се надминат сегашните застои и проблеми при истоварот на стока, особено, пред супермаркетите во централното градско подрачје. Во зоната на централното градско подрачје возилата за доставување на стока можат да вршат запирање и паркирање заради доставување на стока секој ден во временскиот период од 23:00 до 10:00 часот. Во зоната вонцентрално градско подрачје возилата за доставување на стока можат да вршат запирање и паркирање заради дотур во временскиот период од 23:00-10:00 часот и 16:00-19:00 часот. Максималната дозволена вкупна маса на возилата кои вршат доставување на стока на подрачјето на доставување на стока секој ден оштина Гевгелија во сите зони изнесува 12 тони.

Доставувањето на стока може да се реализира доколку со тоа не се загрози безбедноста на сообраќајот на пешаците и возилата, а одговорноста е на товар на лицето кое поднело барање за одобрување на доставувањето на стока. Стоката не смее да биде оставена на тротоар или на друга сообраќајна површина додека трае истоварање и товарање на истата. По завршувањето на истоварање и товарење, возилото треба веднаш да се отстрани од јавната површина. Истоварање и товарење на стока од моторни возила се врши по правило на коловоз со вклучување на сите покажувачи на правци за движење.

Општина Гевгелија издава одобрение за движење, запирање и паркирање на возила поради истоварање и товарење на стока на подрачјето на општината на барање на правни односно физички лица. И тоа, со рок согласно поднесеното барање, но не подолго од 1 (една) година. За добивање на одобрение правните и физичките лица поднесуваат барање до архивата на Општина Гевгелија.



КОМПЛЕТЕН СЕРВИС НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Одржувањето на јавното улично осветлување во Општина Гевгелија се спроведува редовно и континуирано. И тоа, на територијата на целата општина, односно како во градот, така и во сите населени места во општината и во планиските туристички места Конско, Хума, Серменин и Смрдлива вода. Со ваквиот начин на работење ефикасноста во уличното осветлување е значително зголемена. Истовремено, мрежата на јавното улично осветлување во целата општина е во добра состојба.

Заклучно со месец мај, односно во периодот јануари-мај, 2020 година, извршени се 868 интервенции на уличното осветлување во Општина Гевгелија. Сите дефекти се отстранети веднаш, а паралелно се врши и замена на старите со штедливи светилки. Интервенциите ги врши ДТПУ „ЕЛПРОМ ИНЖИНЕРИНГ“ ДООЕЛ Гевгелија, која по спроведената тендерска постапка, даде најповолна понуда.

Покрај редовното одржување на мрежата на уличното осветлување, во Општина Гевгелија се врши и проширување на мрежата на улици, кои досега немаа инсталирано улично осветлување. Проширувањето на мрежата се врши согласно Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија, во 2020 година. Имено, според планираните активности, се инсталираат нови линии за улично осветлување на предвидените локации или улици кои се уште не се дел од мрежата на уличното осветлување.

Во Општина Гевгелија се врши и континуирана замена на дотраените светилки со нови штедливи светилки. На булеварот „Гевгелија“, од влезот во градот до кружниот тек извршена е замена на постојните светилки со нови 94 лед арматури од 100 w и 150 w. Исто така, замена е извршена и на прегорените арматури на булеварот, од кружниот тек до зградите во населбата „Караорман“. Старите натриумови арматурти од 250 w се заменети со лед арматури. Со ваквата замена е обезбедено поквалитетно осветлување, заштеда на електрична енергија до 70%, како и намалување на трошоците за нивно сервисирање.

Во овој период целосно е осветлен игралиштето во ООУ„Крсте Мисирков“ во Гевгелија со нови лед-рефлектори. Ново осветлување е поставено и на игралиштето во ООУ „Владо Кантарџиев“, кое по затворањето поради воведените заштитни мерки од Корона вирусот, новиот систем е ставен во мирување. Во наредниот период е планирано осветлување на сите училишни игралишта во населените места, како и поставување на нови сијалични места каде има потреба од истите.



ПОКВАЛИТЕТНА ВОДА ЗА ДВАЕСЕТТИНА ДОМАЌИНСТВА ВО НЕГОРЦИ

Дваесеттина домаќинства во Негорци добија подобрено и нормализирано водоснабдување и притисок на вода кој ги задоволува нивните потреби. По пријавувањето на проблемот од страна на жителите, ЈПКД „Комуналец“ излезе на терен, изврши увид и изведе нова реконструкција на водоводна линија во долниот дел од населеното место.

“**Водоснабдувањето на овој дел од Негорци, е значително подобрено. Во наредниот период редовно ќе вршиме проверка на регулаторите на притисокот, со што проблемите и дефектите во водоводната мрежа ќе бидат навремено и брзо остранети, се со цел да им овозможиме на сите наши граѓани квалитетна вода за пиење која ќе биде во доволни количества**“, истакна директорот на ЈПКД „Комуналец“, Златко Зумров.

ДОПОЛНИТЕЛНИ КОЛИЧИНИ НА ВОДА ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА

ЈПКД „Комуналец“ започна со акцијата за обезбедување дополнителни количини на вода за пиење. Имено, Одделението за водовод при „Комуналец“ изврши реконструкција на каптажите на „Лунгур“ и „Лешки“ кај населеното место Кованец, со цел жителите на населеното место Негорци да добијат дополнителни количини на вода за пиење од изворите на реката Кованец. Со започнатото реконструирање на каптажите, ќе се реши водоснабдителниот проблем со кој се соочуваат жителите за време на летната сезона.

Со ваквите зафати ќе се настојува во населените места да се зголемат капацитетите за снабдување со вода. Советот на Општина Гевгелија, по иницијатива на месните заедници Конско и Ново Конско, побара од ЈПКД „Комуналец“ да ја преземат надлежноста околу стопанисувањето со водоснабдителните системи во овие населени места, а од страна на Јавното претпријатие се очекува повратна информација до наредната седница на Советот. Тоа би значело поорганизирано и поквалитетно водоснабдување и надминување на проблемите со недостигот од вода за време на летниот период.





ТРИДНЕВНА КУЛТУРНА ПРОГРАМА ПО ПОВОД СПАСОВДЕН

Тридневната културна програма организирана од ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија по повод Спасовден беше затворена со музичкиот концерт на гевгелиската група „Легеартис“. „Легеартист“ ја почести гевгелиската публика со изведба и обработки на евергрин, џез, рок, поп, забавни, етно-варијанти и македонски народни песни и композиции. Концертот се пренесуваше во живо на официјалниот Јутјуб-канал и официјалната Фејсбук-страница на ЈОУ Дом на култура и официјалната Фејсбук-страница на Општина Гевгелија.

Оваа година, културната манифестација „Спасовден 2020“ се организираше во просториите на Народниот театар поради актуелната ситуација со Корона вирусот. Сите тридневни активности, концертот на дуетот „Ангови“, ликовната колонија и музичките концерти на „ПантаРеи“ и „Легеартист“ беа спроведени според наложените мерки за заштита и спречување на ширењето на Корона вирусот на Владата на РСМ и Општинскиот штаб за заштита и спасување.

Делата на 18 гевгелиски уметници кои беа дел од ликовната колонија, гевгелиската публика ќе има можност да ги разгледа кога ќе стивне ситуацијата со Корона вирусот. Сликите остануваат во сопственост на Дом на култура „Македонија“- Гевгелија и ќе бидат изложени во постојана изложбена поставка во Народниот театар во Гевгелија.

ОДРЖАН КАРАНТИНСКИ МУЗИЧКИ КОНЦЕРТ НА „CHILL OUT“

На 16 мај, 2020 година, со почеток во 19:30 часот, Општина Гевгелија и кафе-бар „Пикасо“ организираа музички концерт во населбата „Караорман“. На концерот настапуваа бендот „Chill out“ со изведба на македонска поп-рок музика и диџеј Tightbeats. Граѓаните можеа да го проследат концертот кој се пренесуваше во живо на Фејсбук-страната на Општина Гевгелија и кафе-бар „Пикасо“.

Организаторите ги повикаа сите гевгеличани да излезат на своите тераси или да го проследат концертот на социјалните мрежи и воедно да уживаат забавувајќи се со музиката во топлите карантиски денови.

ЗАВРШЕН ОНЛАЈН-КОНЦЕРТ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООМУ„ВАСО КАРАЈАНОВ“- ГЕВГЕЛИЈА



Со изведба на прекрасната музика и текст од операта „Волшебната флејта“ од Моцарт, учениците од Општинското основно музичкото училиште „Васо Карајанов“- Гевгелија, сепак, крајот на учебната година го одбележаа со завршен онлајн-музички концерт. Сите ученици, со повеќе инструменти и со своите гласовни способности, ја интерпретираа песната од операта „Волшебната флејта“ од Моцарт, а видеото од концертот беше поставен на официјалната Фејсбук-страница на училиштето.

- Почитувани, Музичкото училиште од Гевгелија, со ова наше првенче во кое се вклучени учениците од музичкиот оддел, го заокружува и прославува крајот на наставната година. Секој ученик направи свое видео без дополнителни технички обработки, а истите успеавме да ги преточиме во заедничко музицирање. Во нивната поддршка покрај родителите, учествуваа и наставниците: Зоран Гогов – работи во училиштето од второто полугодие, но со себе ни донесе над 20 годишно искуство како музички педагог, Александар Лазаров – техничката поддршка за овој видео-материјал и главниот носител на оваа наша идеја, Влатко Сапламаев – со својата пијано придружба им помогна на учениците да го снимаат материјалот, Соња Панова – секогаш спремна за нови проекти и тимска работа во училиштето. Навистина прекрасни луѓе, со кои е чест да се работи и се столбот на нашето училиште. Им благодариме како на учениците, така и на наста-вниците, а од септември продолжуваме со нови сили“, истакна директорот на ООМУ „Васо Карајанов“- Гевгелија, Сузана Стефановска.

ОНЛАЈН-ЛИКОВНА РАБОТИЛНИЦА

Годишната изложба на Ликовната работилница при Пионерски дом во Гевгелија, годинава се одржа онлајн. Станува збор за видео-изложба, сублимат од ликовни дела и изработки во текот на учебната година, односно детски цртежи од различни возрасти со различни техники на сликање како: акварел, темпера, колаж, гваш и неколку експериментални техники имајќи ја предвид возраста на учениците кои се дел од Ликовната работилница, под менторство на ликовниот уметник, м-р Мирјана Крстева Массетти.

- Со оваа петта по ред Годишна изложба на Ликовната работилница, обележуваме еден јубилеј на многу насмевки, задоволство, активно работење и творење, создавање бои и звуци кои го дефинираат детскиот имагинарен свет. Иако во поинакви услови, ќе успее да ве допре талентот на 20 млади ликовни уметници кои неуморно твореа и во услови на пандемија, работејќи од дома. Чест и задоволство ми е што имам привилегија да работам со иднината, а тоа се вашите деца, истакна м-р Мирјана Крстева Массетти.

ИЗЛОЖБА НА ФОТОГРАФИИ ОД ТРАДИЦИОНАЛНИ БАЛКАНСКИ НОСИИ

Во просториите на Народниот театар- Гевгелија, на 10 јуни, 2020 година, се одржа онлајн-изложба на фотографии од традиционални носии од Балканот, во организација на Домот на култура „Македонија“- Гевгелија, а во соработка со ансамбл „Македонија“- Скопје. Настанот од изложбата се емитуваше во живо на официјалниот Youtube- канал на Домот на културата.

Изложбата започна со инсерти од сценската адаптација „Посавина“ која е синкретизам од ора и песни од пределот Посавина, од Република Хрватска, а ја отвори директорот на Домот на културата „Македонија“- Гевгелија, Весна Ристова.

- Ние, гевгеличани, имаме несекојдневен и редок настан, со кој ансамбл „Македонија“ ја презентира традиционалната култура. Сите носии од фотографиите кои ќе имате можност да ги погледнете, се од збирката на ансамблот кој е долгогодишен соработник на Домот, истакна Ристова.

Покрај изложените фотографии, дипломираниот етноко-реолог, Силвестер Проле, кој е вработен во Домот на културата „Македонија“- Гевгелија, ги презентираше носиите со информации за нивното потекло, нивните специфики и материјали од кои се изработени. Тој ја заврши изложбата со познат цитат на најголемиот познавач во нашата држава на народните носии, Ангелина Крстева:

- Народната носија е постојано присутен и битен елемент во сценската реализација на фолклорните вредности. Нејзината коректна примена мошне придонесува за ликовниот ефект и повисок квалитет на една изведба, а од друга страна овозможува многу широк круг гледачи да се запозне со дел од нашата богата културна ризница.
- Овој пат, богата културна ризница на етникумот од соседството, истакна Проле.

ЧЕСТИТКА ДО МАТУРАНТИТЕ

Матурантите од СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија ги напуштија средношколските клупи, со што го одбележаа крајот на една етапа од животот. Поради пандемијата од Корона вирусот, оваа година матурантите беа спречени да ја дадат заклетвата за ненасилство, да го одиграат популарниот матурски квадрил кој се игра на музика од Штраусовата опера „Лилјакот“ и да ја прослават вечерта со својата генерација и нивните професори. По повод завршувањето на матурантите, градоначалникот на општина Гевгелија, Сашо Поцков, им го честиташе матурирањето на учениците од СОУ „Јосиф Јосифовски“ упатувајќи им ја следнава порака:

Драги матуранти, вие ја поминавте третата фаза на животот. Гордо го заокруживте средно-школскиот циклус од образованието. Влегувате во фазата на зрелоста. Се наоѓате на крстопатот кога треба да изберете еден правец, дали ќе продолжите со образованието или ќе стапите во работен однос. Кој било правец и да го изберете, Ви посакувам успех во справувањето со наредните предизвици.

Најважно од се е да ја зачувате човечноста како должност на секој поединец. Тоа подразбира соработка со другите луѓе, љубов и достоинство. Секогаш нека Ве води желбата пропратена со лубов, бидејќи без нив нема остварување на соновите.

Со зацртани цели чекорете напред низ животот, но секогаш сеќавајте се на овој убав период, на дружењата со другарите од училишната клупа, љубовните авантури, на вашите професори... Понекогаш, кога ќе сакате да го разбудите средношколецот во вас, навратете се на сеќавањата кои будат треперења во срцето, затоа што овој период е огледало на идниот човек.

Вратите Ви се отворени, а животот е пред вас.

СО ИСТРАЈНОСТ ДО РЕЗУЛТАТИ

Градоначалникот на општина Гевгелија, Сашо Поцков, по повод завршувањето на учебната 2019/2020 година, им се обрати на учениците, полуматурантите и наставниците и им се заблагодари за нивната истрајност, упорност и заедничка грижа за време на пандемијата од Корона вирусот порачувајќи им:

“

Почитувани ученици, полуматуранти и наставници,

Со доаѓањето на 10 јуни, официјално заврши учебната 2019/2020. Во претходниот период, особено, во текот на тримесечјето од второто полугодие, почнувајќи од појавувањето на Корона вирусот во нашата земја, бевте изложени на нови предизвици кои ги вклучуваат онлајн-наставата и работењето од дома. Вие успешно покажавте дека со голема волја и заемна соработка можете да се справите пред какви било препреки и да ја реализирате наставата и во услови на пандемија.

На полуматурантите од сите основни училишта им посакувам многу успех во понатамошното школување. Оваа животна лекција која го опфати скоро целиот свет, нека Ви биде една поука дека со истрајност, упорност и водење заедничка грижа за сите нас сите потешки предизвици можат да се надминат со лесноти-ја. Изразувам почит и благодарност до сите просветни работници за нивниот максимален влог во едукацијата и воспитувањето на идните креатори на нашето општество!

Да се надеваме дека оваа криза ќе ја надминеме што побргу, а учениците и наставниците со почетокот на новата учебна година ќе се вратат во училишните простории!

Првенци на генерацијата

СО ПОСВЕТЕНО УЧЕЊЕ И ТРУД СЕ ПОСТИГНУВА СЕ!

По завршетокот на учебната 2019/2020 година, традиционално гевгелиските основни и средно училиште ги прогласија учениците од деветто одделение и ученик од четврта година што ја понесоа титулата првенец на генерацијата. Според Правилникот за избор на првенец на генерација и исполнетите критериуми во текот на основното образование, за првенци на генерацијата во основните училишта во општина Гевгелија се избрани: **Ива Цицмиловиќ** во ООУ „Крсте Мисирков"- Гевгелија, **Вања Стојменова** во ООУ „Владо Кантарџиев"- Гевгелија, **Сандра Шапкарова** во ООУ „Ристо Шуклев"- Негорци и **Благица Минчева** во ООУ „Климент Охридски"- Миравци. За првенец на генерацијата во СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија е прогласен **Душко Јанев**, додека во ООМУ „Васо Карајанов"- Гевгелија за првенец на генерацијата е прогласена виолинистката **Емилија Николовска**.

Градоначалникот на Општина Гевгелија по традиција, првенците во основното образование ги наградува со по 5000 денари, а првенецот на генерацијата во СОУ „J.Јосифовски" со 10.000 денари.

Што е тајната на успехот за постигнување резултати и одличен успех во текот на образованието?

„Нема некоја посебна формула за тоа како се станува првенец на генерација, но, секако, треба ученикот да има одговорност кон учењето и амбиции да постигне што подобри резултати. Поради ситуацијата со Корона вирусот, најверојатно ќе се запишам во СОУ „Јосиф Јосифовски", истакна Благица Минчева.

„Да се биде првенец на генерација, не само што не е тешко, туку за мене беше и многу забавно и лесно. Најбитна е желбата и учењето, другото си доаѓа самото по себе. Моето школување имам намера да го продолжам во Гевгелија во СОУ „Јосиф Јосифовски", истакна Сандра Шапкарова.

„Ако се учи со труд и со желба, не претставува никаков проблем да се биде првенец на генерацијата. Според мене, „формулата" за тоа е да веруваш во себе и во своите способности и да веруваш дека ќе успееш на крајот. Јас ќе се запишам во СОУ „Јосиф Јосифовски" каде се надевам дека ќе добијам квалитетно и современо образование, секако, со високиот степен на професионализам кој го поседуваат професорите во ова училиште", истакна Ива Цицмиловиќ.

„Не можам да кажам дека е лесно, но можам да се пофалам дека континуираноста ми е јака страна, која здружена со желбата за успех и упорноста придонесе да ја добијам оваа престижна награда. Сепак, мислам дека времето е клуч за правилниот избор на една идна професија и во план ми е да продолжам со општо образование во СОУ „Јосиф Јосифовски", истакна Вања Стојменова.

„Со посветено учење и труд, како и желбата за успех, се постигнува се. Никогаш не избирав оми-лени предмети, за секој предмет посветував еднакво внимание, но морам да истакнам дека природните науки ми беа посилна страна. Средното образование ќе го паметам по многуте успеси на различни полиња, по посветеноста на нашите професори кои несебично даваат се од себе да го извлечат најдоброто од нас, како и по прекра-сните моменти со моите соученици. Своето понатамошно образование како академски граѓанин планирам да го продолжам на Медицинскиот или Стоматолошкиот факултет во Скопје", истакна Душко Јанев.

„Доколку се сака инструментот, секој труд вложен во него ми причинува задоволство. До сега сум учествувала на многубројни натпревари, за прв пат, бев на Државен натпревар во Скопје, на десет годишна возраст, каде што земав трета награда. А, оттогаш учествувам секоја година на Меѓународни натпревари по виолина и на Државен натпревар по солфеж, каде што секогаш земам први награди по виолина и по солфеж. Соништата ми се големи, ќе продолжам во ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј" ова е мојата животна определба", вели Емилија Николовска.

„ЕКОЛОГ" ДОНИРАШЕ 10 ТАБЛЕТА

Тетовската компанија „Еколог" преку Министерството за образование и наука дониpаше 10 таблета на Општина Гевгелија за потребите на учениците од социјално-загрозените семејства за непречено следење на онлајн-наставата.

Таблетите беа предадени на десет ученика од страна на Градоначалникот и директорите на основните училишта, со што се комплетираа утврдените 25 од социјално-загрозени семејства во Гевгелија и населените места, од кои останатите 15 ученика добија училишни персонални компјутери по иницијатива на директорите на гевгелиските училишта во соработка со Општина Гевгелија.

ДЕН НА ПОЖАНИКАРИ

По повод Денот на пожарникарите, припадниците на ТППЕ - Гевгелија одржаа тактичко-показна вежба за гаснење на опожарени автомобили. Вежбата беше одржана во услови на целосна примена на заштитните мерки од Корона вирусот. Гевгелиските пожарникари демонстрираа гаснење пожар на автомобил, како и дејствување со хидрауличната клешта, еден од основните реквизити при техничките интервенции. ТППЕ- Гевгелија, покрај основната дејност, а тоа е гаснењето на пожари, честопати е ангажирана и за технички интервенции. Во прв ред, при сообраќајни несреќи. Во текот на минатата година, пожарникарите имале 7 технички интервенции, од кои четири сообраќајни несреќи. Но и за испумпување на вода од поплавени простории, спасување на луѓе од височини, па и при отворање на заклучени простории, за што лани пожарникарите на двапати интервенирале. На вежбата присуствуваа градоначалникот на општина Гевгелија, Сашо Поцков и претседателот на Советот на Општина Гевгелија, Тодор Ристов, кои притоа им го честитаа Денот на пожарникарите - 20 Мај.

ХОРИЗОНТАЛНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

Во тек е акцијата за машинското обележување на улици со хоризонтална сообраќајна сигнализација во општина Гевгелија. Обележувањето го врши струмичката фирма „МС СТОП ИНЖИНЕРИНГ“, со која Општина Гевгелија склучи договор за јавна набавка. Според договорот, хоризонтална сообраќајна сигнализација ќе се изврши на површина од 4000 метри квадратни.

ЛАРВИЦИДНИ ТРЕТИРАЊА

Извршени се две ларвицидни третирања против комарци во општина Гевгелија. Екипи на компанијата „Лисаком“ која беше избрана на тендерот што го организираше Центарот за развој на ЈПР, заедно со претставници на општина Гевгелија и Центарот за здравје - ПЕ Гевгелија, кои ги одреди ја претходно локациите за третирање, ги расфрлија гранулатите на жариштата. Третирањето беше извршено на скоро 10 хектари на територијата на општина Гевгелија.



ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА ПОЛИЦАЈЦИТЕ

Денот на полицијата во ОВР - Гевгелија беше одбележан со полагање на цвеќе пред спомен-бистата на Ѓорге Стамов во дворот на установата, како и со акција на полицајците за примена на мерките за заштита од Корона вирусот. Имено, полицајците во центарот на Гевгелија им делеа заштитни маски на возачите на автомобили и граѓаните потсетувајќи ги на тој начин на Уредбата на Владата на РСМ за задолжителното носење на заштитни маски во затворени и отворени простори и одржување на потребната дистанца. Градоначалникот на општина Гевгелија, Сашо Поцков, заедно со претседателот на Советот на општина Гевгелија, Тодор Ристов, го посетија ОВР- Гевгелија и на припадниците на полицијата им го честитаа Празникот на полицијата.

Притоа, градоначалникот Поцков на началникот на ОВР–Гевгелија, Антонио Карапеев и командирот на ПС - Гевгелија, Миле Ангелков, им изрази благодарност за досегашниот ангажман во работата на Општинскиот штаб за заштита и спасување и спроведувањето на донесените мерки, како и воопшто изрази благодарност за ангажманот на полицијата во Општина Гевгелија за доследна примена на мерките од Владата на РСМ и надлежните државни институции за спречување на внесувањето и ширењето на Корона вирусот на територијата на општина Гевгелија.

СИСТЕМ 48

Во текот на месеците март и април, до општина Гевгелија преку Систем 48 биле пријавени 33 барања од страна на граѓаните. Најголемиот број од пријавените барања веднаш се решени, а 4 се проследени за решавање до надлежните служби. Инаку, најголем број од пријавените барања од страна на граѓаните – 18, се однесуваат на отстранување на дефект во уличното осветлување. Додека, од пријавените, 11 барања се однесуваат на дејноста на ЈПКД „Комуналец“, пред се, за кастрење на улични дрвја, дефекти на водоводната и канализационата мрежа или други комунални проблеми. Најголемиот број од пријавените барања се решени бидејќи во овој период ЈПКД „Комуналец“ спроведе неколку акции за кастрење на уличните дрвја, косење на затревените јавни простори и прочистување на шахтите. Исто така, ЈПКД „Комуналец“ врши редовно хортикултурно уредување на јавните повцршини во градот и во населените места.

ПОЛСКИ ПАТИШТА

Заради подобар пристап до земјоделските површини, во општина Гевгелија ќе биде обновена патната инфраструктура. Имено, раководителот на Центарот за развој на Југоисточниот плански регион, Жулиета Ѓуркова заедно со Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Трајан Димковски потпишаа Договор за реализација на проектот „Подобрување на постојната патна инфраструктура во руралните средини во Југоисточниот плански регион заради подобар пристап до земјоделските површини“, кој ќе се реализира во рамки на Програмата за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој за 2020 година. Проектот е со вкупна вредност од 1.575.580 денари, средства со кои ќе се обноват пристапни патишта до обработливите површини во четири општини од Југоисточниот плански регион, во општина Босилово, Богданци, Гевгелија и Ново Село и ќе се обезбеди пристап до вкупно 278 хектари плодно земјоделско земјиште.

TASEVSKI PHOTOGRAPHY

ГЕВГЕЛИСКИ МАГАЗИН
Издавач – Општина Гевгелија
Ул. „Димитар Влахов“ бр. 4

уредуваат: Кире Јанишлиев и Петар Јанчев
дизајн: Мартин Бојмалиев
фотографија: Гоце Тасевски

Тел.: +389 34 211 211
www.gevgelija.gov.mk
e-mail: kabinet@gevgelija.gov.mk